Согласно член 91 став 3 од Законот за судовите, член 68 став 5 од Судскоит деловник и член 38 и член 46 став 2 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија, Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република Македонија на седницата одржана на 28.11.2014 година го усвои следното

**ПРАВНО МИСЛЕЊЕ**

**Во парнична постапка во која е странка правно лице кое во текот на постапката е избришано од Централниот регистар на Република Македонија поради заклучување на стечајна постапка, судот не може да продолжи да ја води постапката со поставување на привремен застапник, согласно член 550 од Законот за трговските друштва и постапката се прекинува.**

О б р а з л о ж е н и е

Според член 74 од Законот за парничната постапка (“Службен весник на РМ” бр.79/2005, 110/08, 83/09), во текот на целата постапка судот по службена должност ќе внимава дали лицето кое се јавува како странка, може да биде странка во постапката, и дали е парнично способно, дали парнично неспособната странка ја застапува нејзиниот законски застапник и дали законскиот застапник има посебно овластување кога тоа е потребно.

Во член 200 став 1 точка 4 од истиот закон е пропишано дека постапката се прекинува кога странката која е правно лице ќе престане да постои, односно кога надлежниот орган правосилно ќе одлучи за забрана на работата.

Според член 203 став 1 од Законот за парнична постапка, постапката што е прекината од причините наведени во членот 200 точки 1 до 4 на овој закон, ќе се продолжи кога наследникот или старателот на оставината, новиот законски застапник, стечајниот управник или правните следбеници на правното лице ќе ја превземат постапката или кога судот по предлог на противната странка ќе ги повика да го сторат тоа.

Според член 550, под наслов Заштита на права против избришаното друштво, од Законот за трговски друштва, ако спрема бришано друштво се остварува некое право пред суд, судот на поранешното друштво му поставува привремен застапник. Лицата кои одговарале за обврските на поранешното друштво, можат според својата одговорност да бидат тужени, ако не настапила застареност.

Поаѓајќи од цитираните одредби, како правно прашање, се постави пред Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република

Македонија дали во парнична постапка во која е странка правно лице кое во текот на постапката е избришано од Централниот регистар на Република Македонија или друг соодветен регистар поради заклучување на стечајна постапка, судот може со примена на член 550 од Законот за трговски друштва да му постави привремен застапник кој што ќе го застапува тоа правно лице до завршување на постапката по конкретен предмет. Наведеното прашање се постави особено од причина што постои разноликост во одлучувањето од страна на судовите во Република Македонија. Имено, во одделни судови, повикувајќи се на цитираната одредба од Законот за трговски друштва, судијата пред кој се води парничната постапка назначува привремен застапник на избришаното правно лице и ја продолжува парничната постапка, додека други судови во ваков случај согласно цитираниот член 200 став 1 точка 4 од Законот за парнична постапка, ја прекинуваат постапката.

Согледувајќи ја различната пракса на судовите, Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република Македонија на седницата одржана на 28.11.2014 година го разгледа ова прашање и го усвои правното мислење како во диспозитивот.

Причината за усвојување на правното мислење одделот ја гледа во извршената анализа на следните законски одредби:

Согласно член 18 од Законот за стечај (Службен весник на РМ бр.55/97, 53/2000, 31/2002 и 17/2004), стечајниот судија е овластен да одлучува за сите прашања на стечајната постапка, освен за оние за кои по овој закон одлучува стечајниот совет или некој друг орган на стечајната постапка.Стечајниот судија врши контрола врз работата на стечајниот управник и му дава задолжителни упатства.

Согласно член 25 став 4 од овој закон, стечајниот управник има права и обврски на орган на должникот – правно лице, ако со овој закон поинаку не е определено. Во став 3 од истиот член е предвидено дека стечајниот управник го претставува и застапува должникот.

Во член 26 став 1 од истиот закон се поединечно наброени должностите на стечајниот управник, а во став 2 е пропишана должноста на стечајниот управник да поднесува писмени извештаи до стечајниот совет, стечајниот судија, како и одборот или собранието на доверителите, за текот на стечајната постапка и за состојбата на стечајната маса, и тоа, најмалку еднаш на три месеци или кога тоа тие ќе го побараат

Согласно член 211 од истиот закон, веднаш по извршувањето на конечната распределба на средствата, стечајниот совет ќе донесе решение за заклучување на стечајната постапка, а во став 2 од истиот член е пропишано дека решението од став 1 на овој член се објавува согласно со член 9 од овој закон и одредбите на членовите 61 став 6 и 66 став 2 од овој закон.

Според член 33 од Законот за стечај (Службен весник на РМ бр.34/2006,126/2006,84/2006,47/2011,79/13,164/2013,29/2014), стечајниот управник го застапува и претставува должникот само за оние работи кои се однесуваат на стечајната постапка и стечајната маса, при што со член 34 се наброени должностите на стечајниот управник за кои тој особено е должен да се грижи.

Според член 200 од овој закон, веднаш по извршувањето на конечната распределба на средствата, односно и на другиот имот на должникот, стечајниот судија ќе донесе решение за заклучување на стечајната постапка, а согласно ставот 2 од истиот член, решението се објавува согласно член 10 од овој закон и одредбите од членовите 69 став 6 и член 72 став 2 од Законот. Во решението за заклучување на стечајната постапка, стечајниот судија определува заклучувањето на стечајната постапка да се запише во трговскиот регистар, во јавните книги во кои се запишуваат правата врз недвижностите и во други соодветни регистри. Примерок од решението им се доставува на органите кои ги водат регистрите, односно јавните книги. Во ставот 3 од истиот член е предвидено дека со заклучувањето на стечајната постапка и бришењето од трговскиот регистар, односно од друг регистар, во кој е запишан должникот, правното лице-должник престанува да постои.

Поаѓајќи од погоре цитираните одредби од Законот за стечај, произлегува дека овластувањата на стечајниот управник да го застапува стечајниот должник се врзани за стечајната постапка и стечајната маса. Тој е лице кое е именувано од судот-стечајниот судија со цел да ги изврши должностите кои се предвидени со законот, при што стечајниот управник не донесува самостојно одлуки туку тој се јавува како извршител на одлуките донесени од останатите органи на стечајната постапка како што се стечајниот судија-односно стечајниот советспоред претходниот закон, одборот на доверителите и собранието на доверителите. Поради тоа, со заклучување на стечајната постапка и бришењето на друштвото од регистарот каде што се водело, престануваат овластувањата на стечајниот управник, освен кога тој единствено врз основа на одлука на стечајниот судија е овластен да превзема дејствија во заведените стечајни предмети, во име и за сметка на доверителите до нивно завршување.

Поради тоа, кога станува збор за застапување на правно лице кое што е избришано од регистарот, а врз основа на решение за заклучување на стечајната постапка, не може судијата кој ја води парничната постапка во која како странка се јавува овој субјект, врз основа на примена на член 550 од Законот за трговски друштва, да го постави стечајниот управник или друго лице, за привремен застапник на избришаното друштво. Пред се, оваа одредба е сместена во главата XI од Законот за трговски друштва со наслов Ликвидација на друштва, како посебна постапка за престанување на друштвата, регулирана со овој закон.

Со оглед да, се што се однесува на постапката за стечај е регулирано со Законот за стечај како lex specialis, членот 550 од Законот

за трговски друштва, не може да се примени кога станува збор за бришано друштво како резултат на заклучена стечајна постапка, бидејќи такво овластување на стечајниот управник може да даде само стечајниот судија, во решението за заклучување на стечајната постапка.

Во прилог на наведеното мислење на Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република Македонија е и членот 35 од Законот за изменување и дополнување на Законот за парничната постапка (Службен весник на РМ бр.116/2010), со кој што е додаден нов став 2 во член 203 од Законот за парничната постапка, согласно кој доколку по правосилноста на одлуката за престанок на правното лице, забраната за работа или заклучувањето на стечајната постапка истото е бришано од соодветниот регистар, а нема правен следбеник, судот со решение ќе ја отфрли тужбата заради непостоење на странка во спорот.

**Оддел за граѓански дела**
**на Врховниот суд на**
**Република Македонија**